Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за избор на
претседател и членови на Верификационата комисија

1. Го објавувам Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.04.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-863/1
27.04.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05) и член 9 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 15/05), Советот на Општината Битола на Првата (Конститутивна) седница одржана на 22.04.2009 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на претседател и членови на
Верификационата комисија

1. Се избираат претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Битола во состав:

За претседател Димче Попов

За членови:

Николина Ристевска,
Лилјана Обедниковска,
Томислав Стојчевски и
Валентин Груевски

2. Верификационата комисија, врз основа на известувањето од Општинската изборна комисија, доставените уверенија од страна на членовите на Советот, како и по утврдувањето на нивниот идентитет, поднесува извештај до Советот со предлог за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општината Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-745/3
22.04.2009 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Конститутивната седница
на Советот на Општината Битола,
Борис Дарковски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за
верифицирање мандатите на членовите на
Советот на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за верифицирање мандатите на членовите на Советот на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.04.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-863/2
27.04.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола бр.10/05), а во врска со известувањето на Општинската изборна комисија бр. 207/2009 од 03.04.2009 г. и поднесениот извештај и предлогот за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општината Битола од страна на Верификационата комисија, Советот на Општината Битола на конститутивната седница одржана на 22.04.2009 година, донесе

# О Д Л У К А
## за верифицирање мандатите на членовите на Советот на Општината Битола

### Член 1

Се верифицираат мандатите на членовите на Советот на Општината Битола избрани на локалните избори одржани на 22.03.2009 година и тоа:

1. Ангелевска Силвана
2. Баљаров Кочо
3. Блажевски Томе
4. Гешовски Зоран
5. Груевски Валентин
6. Дарковски Борис
7. Димовски Илче
8. Јовановска Моника
9. Јовковска Весна
10. Котевски Николче
11. Крстевски Кире
12. Кузмановска Лилјана
13. Милевски Горан
14. Милошевски Златко
15. Михајловски Горан
16. Наумов Томе
17. Николоски Оливер
18. Обедниковска Љиљана
19. Попов Димче
20. Ристевска Николина
21. Ристевски Драган
22. Силјановска Јулијана
23. Стојчевски Томислав
24. Струмениковска Наташа
25. Тасевски Методија
26. Тасковски Горан
27. Ќурчиевски Златко
28. Цветкоски Оливер
29. Чолаковски Леонида
30. Чоревски Борис
31. Џолонга Михаило

Член 2

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години, сметано од 22.04.2009 год.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општината Битола,“.

Бр. 07-745/4
22.04.2009 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Конститутивната седница
на Советот на Општината Битола,
Борис Дарковски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за
формирање Комисија за мандатни прашања,
избори и именувања

1. Го објавувам Решението за формирање Комисија за мандатни прашања, избори и именувања, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.04.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-863/3
27.04.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 42 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.04.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање Комисија за мандатни прашања,
избори и именувања

1. Се формира Комисија за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општината Битола, во состав:

За претседател: Кире Крстевски
За членови: 1. Златко Милошевски
2. Силвана Ангелевска
3. Златко Ќурчиевски
4. Кочо Баљари

2. Комисијата има задача да дава предлози и мислења од нејзината надлежност до Советот на Општината Битола, во врска со именувањата и разрешувањата од надлежност на Советот, да определува висина на плати, други надоместоци и примања и др.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-745/5
22.04.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Конситутивната седница на
на Советот на Општината Битола,
Борис Дарковски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за
избор на претседател на
Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за избор на претседател на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.04.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-863/4
27.04.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 47 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на Конститутивната седница одржана на 22.04.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на претседател
на Советот на Општината Битола

1. За претседател на Советот на Општината Битола се избира Лилјана Кузмановска.

2. Мандатот на претседателот на Советот на Општината Битола започнува од 22.04.2009 година и ќе трае до одржувањето на нови избори за членови на Советот на Општината Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-745/6
22.04.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Конститутивната седница на
Советот на Општината Битола,
Борис Дарковски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за
депонирање потпис на овластено лице
на жиро сметките на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за депонирање потпис на овластено лице на жиро сметките на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.04.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-863/5
27.04.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 123 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.04.2009 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за депонирање потпис на овластено лице на жиро сметките на Општината Битола

1. Со паричните средства на жиро сметките:

| | |
|---|---|
| - Буџет на Општината Битола | 703014002963013 |
| - Орган на Општина Битола | 703014002963719 |
| - Сметка за наменска дотација-Пожарна | 703014002993710 |
| - Сметка за наменска дотација | 703014002993015 |
| - Општина Битола посебна сметка-Буково | 703014002978914 |
| - Општина Битола посебна сметка Јени мале | 703014002978929 |
| - Грант за промоција на културни и туристички ресурси | 703014002978539 |
| - Донација Холандија-култура и развој | 703014002978524 |
| - Грант за реконструкција на магистрален пат М-5 | 703014002978543 |

за полноважен потписник се овластува градоначалникот на Општината Битола, Владимир Талески.

2. Потпишувањето на жиро сметките на Општината Битола ќе се врши со еден потпис.

3. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за депонирање потпис на овластено лице на жиро сметките на Општината Битола бр. 07-213/8 од 13.04.2005 година.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-745/7
22.04.2009 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола,
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за
определување членови на Советот на Општината Битола
кои ќе учествуваат при склучување на бракови

1. Го објавувам Решението за определување членови на Советот на Општината Битола кои ќе учествуваат при склучување на бракови, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 22.04.2009 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-863/6
27.04.2009 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 29 од Законот за семејството (-пречистен текст) („Службен весник на РМ“ бр. 83/04 и 33/06) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 22.04.2009 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за определување членови на Советот на Општината Битола кои ќе учествуваат при склучување бракови

1. За склучување бракови во матичните подрачја Битола, Бистрица, Кукуречани и Цапари, се определуваат членовите на Советот по азбучен ред на презимињата месечно и тоа:

1. Ангелевска Силвана
2. Баљаров Кочо
3. Блажевски Томе
4. Гешовски Зоран
5. Груевски Валентин
6. Дарковски Борис
7. Димовски Илче
8. Јовановска Моника
9. Јовковска Весна
10. Котевски Николче
11. Крстевски Кире
12. Кузмановска Лилјана
13. Милевски Горан
14. Милошевски Златко
15. Михајловски Горан
16. Наумов Томе
17. Николоски Оливер
18. Обедниковска Љиљана
19. Попов Димче
20. Ристевска Николина
21. Ристевски Драган
22. Силјановска Јулијана
23. Стојчевски Томислав
24. Струмениковска Наташа
25. Тасевски Методија
26. Тасковски Горан
27. Ќурчиевски Златко
28. Цветкоски Оливер
29. Чолаковски Леонида
30. Чоревски Борис
31. Џолонга Михаило

2. Членовите на Советот ќе учествуваат во склучувањето на браковите почнувајќи од 22.04.2009 година со тоа што првиот од листата од точка 1 на решението ќе учествува при склучување на бракови во матичното подрачје - Битола, а наредните три членови на Советот во матичните подрачја Бистрица, Кукуречани и Цапари.

Учеството на останатите членови на Советот при склучување на бракови ќе биде утврдено на начин што секој нареден член од листата ќе биде определен за склучување бракови во матичното подрачје- Битола, а наредните членови во матичните подрачја Бистрица, Кукуречани и Цапари.

3. Учеството на членовите на Советот при склучување бракови во матичните подрачја Битола, Бистрица, Кукуречани и Цапари ќе биде утврдено со посебен план и распоред согласно точка 1 и 2 од Решението кој ќе биде доставен до Матичното одделение при Секторот за внатрешни работи-Битола.

4. Склучувањето на браковите во матичните подрачја од точка 1 во Решението, ќе се врши во среда и петок од 13,оо часот, сабота од 17,оо часот и недела од 8,оо часот.

Склучувањето на браковите може да се врши и во други денови доколку претходно е договорено.

5. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-745/8<br>
22.04.2009 г.<br>
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
на Советот на општината Битола,<br>
Лилјана Кузмановска